# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## за состојбата со човековите права на ЛГБТИ луѓето во Северна Македонија



МАРТ
АПРИЛ
2021


ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

LGBTI центар за поддршка
qendër për përkrahje
support centre

НАЦИОНАЛНА МРЕЖА ЗА БОРБА ПРОТИВ ХОМОФОБИЈАТА И ТРАНСФОБИЈАТА

# содржина


3 Реакција на говорот на омраза кон емисијата „Моја Сторија“ на МТВ

6 Предлог-Закон за изменување на Законот за матична евиденција

7 Извештај на Amnesty International за 2020

8 Трансродовата заедница и ХИВ

10 Говор на омраза

# Вовед

Овој период го одбележа зголемен говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи. Говорот на омраза беше поттикнат од зголеменото присуство во медиуми, кое понатаму беше основа за навредувачки и понижувачки пораки споделени на социјалните мрежи. Истовремено, забележано беше придвижување во насока на правно признавање на родот, со донесување на предлог - измени во Законот за матична евиденција од страна на Владата, со цел да се овозможи полесно и побрзо остварување на правата и менување на родот за трансродовата заедница.

# Реакција на говорот на омраза кон емисијата „Моја Сторија" на МТВ

Организациите-членки на Националната мрежа против хомофобија и трансфобија: ЛГБТИ Центарот за поддршка, Сигурната куќа, ТрансФормА, Субверзивен Фронт и Скопски квир центар, преку свои претставници гостуваа во емисијата „Моја Сторија" на Македонската Радио Телевизија (МРТ) на 20 април 2021 година.

Целта на ова гостување беше да се покаже дека ЛГБТИ луѓето бараат еднаков пристап и уживање на уставно и законски загарантираните права за сите граѓани. Дополнително, имаше за цел да ја запознае одблизу пошироката јавност за предизвиците, проблемите и потребите со кои ЛГБТИ луѓето се соочуваат секојдневно.

Самото гостување на овие претставници, зачнувањето на теми поврзани со ЛГБТИ луѓето и дискутирањето за нивниот секојдневен живот во Македонското општество, предизвика бурна реакција во нашата јавност.

Социјалните мрежи имаа наплив од говор на омраза кон самата заедница, претставниците на организациите наведени погоре, кон телевизиска програма "Моја сторија" како и кон самата Македонска Радио Телевизија (МРТ).

За јавноста беше неприфатливо што вакви содржини и теми беа прикажани и дискутирани на националниот јавен сервис, а воедно изнесоа неосновани и невистинити наводи дека истото е дел од агендата на новата образовна реформа на Министерството за образование и наука.

За говорот на омраза кон емисијата „Моја сторија" на МТВ се огласија Националната мрежа против хомофобија и трансфобија и Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето.

Реакцијата на Националната мрежа против хомофобија и трансфобија е следна:

" На 20 април 2021 г. (вторник) нашите организации-членки ЛГБТИ Центар за поддршка LGBTI Support Center, Сигурна куќа/Safe House, ТрансФормА - Trans-forma, Субверзивен фронт / Subversive Front и Скопски квир центар беа гости во емисијата „Моја сторија" на Македонската радио телевизија (МТВ), поддржана од Европска куќа (Europe House Skopje).

Од самото емитување на емисијата, темата, гостите, водителите, а и МТВ се мета на напади од јавноста, како и од многу медиуми кои ја осудуваат одлуката на МТВ да се прикажуваат вакви содржини на јавниот национален сервис, но и изнесуваат невистинити наводи дека тоа е дел од агендата на новата образовна реформа на Министерството за образование и наука.

Националната мрежа против хомофобија и трансфобија чувствува потреба да појасни неколку работи во јавноста. Прво, оваа емисија не е организирана од Министерството за образование и наука и нема никаква поврзаност со сегашните образовни реформи. Напротив, продукцискиот тим на самата емисија пристапи до нашите организации-членки и побара нивни претставници да потврдат гостување во емисијата, а потоа почнаа со најава на темата на емисијата и испитување на јавното мислење по неа, анкетирајќи неколку млади луѓе во Охрид.

Емисијата имаше за цел да прикаже дека ние ЛГБТИ+ луѓето не бараме посебни права туку еднаков пристап до и уживање на уставно и законски загарантираните права за сите граѓани, како и да информира за нашите предизвици, проблеми и потреби. Доколку ја проследивте целата емисија, ќе воочевте со колку препреки секојдневно се соочува нашата заедница – како на пример: непријатни ситуации при посета на доктор или константно чувство на небезбедност кога се движиме по улица – а по реакциите на дел од јавноста на социјалните мрежи се потврдува колку всушност сме нееднакви во општеството во кое живееме и колку се легитимни стравовите по нашата безбедност имајќи ги предвид изблиците на говор на омраза и закани по телесниот интегритет и животите на ЛГБТИ+ луѓето што имавме можност да ги прочитаме деновиве. За нас е исто така загрижувачки што дел од наставниот кадар се однесува дискриминаторски и се придружи на бранот омраза што уследи на социјалните мрежи, за што ќе поднесеме претставка до Државниот просветен инспекторат.

Апелираме медиумите да пишуваат и известуваат придржувајќи се до професионалните и етички стандарди, без користење на потпалувачки или сензационалистички говор што може да генерира омраза и насилство кон ЛГБТИ+ заедницата, и најважно, без продукција на лажни вести. Ваквите содржини присутни

на интернет порталите се споделуваат подоцна на социјалните мрежи каде што омаловажувањето, потсмевањето и вознемирувањето на ЛГБТИ+ луѓето продолжува со зголемен интензитет. Во крајна линија, тоа лесно може да резултира со криминал од омраза врз ЛГБТИ+ луѓето надвор од интернетот, во физичкиот простор, којшто во голем дел од случаите останува непријавен и несанкциониран од кривично-правниот систем и, за жал, го прави нашето општество уште понасилно, поисклучувачко и понепријателско кон сексуалната и родовата различност. "

**Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето** во нивната изјава велат:

" Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето го осудува хомофобичниот и трансфобичниот говор на омраза кој се појави во јавноста по емисијата "Моја Сторија" на МРТВ. Говорот на омраза кон ЛГБТИ луѓето го повредува нивното достоинство, креира застрашувачка и непријателска средина, оневозможува да живеат слободно и без предрасуди, а многу често директно може да придонесе кон зголемувањето на насилството и делата од омраза мотивирани од сексуалната ориентација или родовиот идентитет на жртвите.

Сметаме дека програми како оваа, кои отворено зборуваат за правата на ЛГБТИ луѓето, ги претставуваат нивните проблеми и барања, треба се почесто да се емитуваат на националните медиуми со цел подигнување на свеста и создавање емпатија и солидарност со оваа маргинализирана група. Медиумите и средствата за јавно информирање се клучна алатка преку која треба да се гради културата на прифаќање на различностите и ненасилството.

Говорот на омраза, вклучително и кон ЛГБТИ луѓето е забранет со Кривичниот законик, Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги, секој во својата област.

Апелираме надлежните институции да реагираат на говорот на омраза и да покренат соодветни постапки за санкционирање на сторителите, а медиумите и образованието да ги засилат активностите за превенција од дискриминација кон ЛГБТИ луѓето и да направат напори за позитивна промена во свеста и вредностите на сите чинители. "

# Предлог-Закон за изменување на Законот за матична евиденција

По одржаната 67-ма седница на ден 27.04.2021 година, Владата го усвои Предлог-Законот за изменување на Законот за матична евиденција, по предлог на Министерството за правда.

Изготвувањето на овој Предлог-Закон е започнато уште од 2019 година, следствено на донесената Пресуда на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) од ден 17.01.2019, во случајот Икс против Република Северна Македонија.

Имено, трансродовото лице Икс, анонимно повело постапка пред Судот врз основа на член 8 од Европската конвенција за човекови права, согласно кој „Секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, неговиот дом и преписка. Јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право...“.

Лицето Икс примало хормонална терапија, извршило промена на своето име од женско во воочливо машко име како и презиме (за што му била издадена нова лична карта) и имало една хируршка интервенција. Но и покрај овие околности и факти, Министерството за правда одбило да изврши промена на родовиот маркер и на матичниот број во Матичната книга на родените, заради непостоење на законска регулатива што го уредува ова прашање.

ЕСЧП во својата Пресуда досуди во корист на лицето Икс и најде дека има повреда на членот 8 поради недостиг на регулатива која ќе го обезбеди правото на почит на приватниот живот на жалителот-лицето Икс.

Со изгласувањето во Собрание на овој Предлог-Закон, ќе се исполни задолжението дадено од страна на ЕСЧП и ќе се создаде правна рамка за правно признавање на родот на трансродовите лица.

Новиот Закон за матична евиденција ќе овозможи трансродовите лица да ги реализираат своите права и да го променат родот кој што им бил доделен при раѓање на брз и едноставен начин.

# Извештај на Amnesty International за 2020

Амнести Интернашнал го објави својот годишен Извештај за 2020 година за Република Северна Македонија.

Нивниот генерален заклучок е дека и покрај спроведувањето на реформите идентификувани од страна на Европската комисија, се уште останува загриженоста за неказнивост, говор на омраза, дискриминација на жени, Роми и ЛГБТИ лица.

Истовремено, потенцираат дека дискриминација заснована врз етничка припадност, религија, пол и сексуална ориентација опстојува и понатаму, и дека истата била честопати подгревана од пандемијата.

Во секцијата „Лезбејки, геј, бисексуалци, трансродови и интерсексуални (ЛГБТИ) лица“ наведуваат:

> Во мај, Уставниот суд го укина Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2019 година, со кој се признава дискриминација врз основа на родов идентитет и сексуална ориентација, од процедурални причини. Во октомври, Парламентот го донесе одново законот, но не успеа да обезбеди независност на Комисијата за дискриминација. Во август, претседателот на тетовската невладина организација ЛГБТ Јунајтед беше нападнат, добивајќи повреди на главата и окото.

# Трансродовата заедница и ХИВ

Во март, ЛГБТИ Центарот за поддршка го објави текстот „Трансродовата заедница и ХИВ" чиј автор е волонтерот Предраг Јовановски. Текстот се однесува на трансродовите лица кои живеат со ХИВ. Во продолжение текстот во целост.

„ Поимот ТРАНСРОДОВИ ЛИЦА се однесува на луѓе чиј родов идентитет и изразување се различни од социјалните очекувања за нивниот биолошки пол кога се раѓаат. Трансродовите луѓе се често социјално, економски, политички и законски маргинализирани. Дискриминацијата против трансродовите луѓе може да потекнува од различни форми стигма поврзана со родовиот идентитет, родовиот израз и сексуалната ориентација.

На глобално ниво, само 39% од земјите известиле дека во своите национални стратегии за ХИВ/СИДА адресираат трансродови луѓе, меѓутоа многу често податоците од истражувањата за ХИВ кои ги вклучуваат трансродовите луѓе не успеваат да ги разделат податоците според родовиот идентитет или имаат премали примероци и затоа не можеме премногу да се потпреме на нив.

Во РСМ постои неформална група ТрансФормА која гласно говори за проблемите со кои се соочуваат трансродовите лица и бараат одговори и решенија од институциите, носителите на одлуки и пошироката заедница. Иако ставовите почнуваат да се менуваат, во нашата земја сè уште не постои правна заштита која на оваа група и обезбедува еднаков пристап до здравствени услуги, вработувања, образование и социјални услуги.

Најголемиот проблем со кој се соочува трансродовата заедница е правното (не) признавање на родот кој повлекува низа други проблеми од сите животни аспекти вклучувајќи ја и здравствената заштита . Немањето соодветни документи за родова идентификација го ограничува пристапот до голем број услуги, како на пример здравствени сервиси, ХИВ тестирање, образование, вклучително и вработување и гласачки права. Повеќето законски надлежности не пружаат ефикасна и применлива законска заштита против ваквата дискриминација. Затоа, стигмата, дискриминацијата и немањето законски и родово соодветни документи за идентификација ги исклучуваат повеќето трансродови лица од било какво граѓанско учество, им ги ограничуваат економските можности и резултираат со сиромаштија и маргинализација кои ја зголемуваат нивната ранливост на ХИВ. Новите податоци укажуваат на тоа дека трансродовите луѓе го одложуваат здравствениот третман поради дискриминација. Кога бараат здравствена услуга, тие се често малтретирани, исмејувани, дури и не им се дава услуга. Многу малку даватели на здравствени услуги имаат соодветна обука за здравствените потреби на трансродовите луѓе, па затоа и се неподготвени да одговорат конкретно на нивните здравствени потреби.

Негативните ставови на давателите на здравствени услуги кон трансродовите луѓе исто така го ограничуваат квалитетот на здравствените услуги.

И покрај тоа што товарот од ХИВ е особено висок кај трансродовите жени, сепак трансродовите луѓе имаат цел спектар здравствени и социјални проблеми, а ХИВ е само еден од нив. За многу трансродови луѓе, процесот на транзиција со кој го усогласуваат нивното тело со идентитетот е приоритетен наспрема услугите за ХИВ превенција и третман. Давателите на здравствени услуги мора де се обучени во смисла на културолошка и медицинска компетенција кога даваат услуги на трансродовите пациенти. Локалните потреби на трансродовите луѓе треба да се оценат и да се имаат предвид во процесот на овозможување подостапни здравствени услуги, кои би биле прифатливи и пристапни за трансродовите луѓе. За многу трансродови луѓе првата влезна точка во здравствениот систем се услугите за сексуално и репродуктивно здравје што ги нудат граѓанските организации, меѓутоа и тука пристапот на трансродовите лица е ограничен. Имено, во ниту еден од овие сервиси не се вклучени услуги на уролог и ендокринолог кои се од суштинска важност за здравјето на трансродовите лица. Вон рамките на здравствениот сектор, поголемата видливост на трансродовите луѓе може да придонесе за нивно подобро разбирање и прифаќање во јавноста. Потребни се кампањи против стигма кои ги поддржуваат достоинството и човековите права на трансродовите луѓе. Овој циклус би можел да се адресира преку реформи во социјалните и здравствени сервиси. Трансродовите луѓе би можеле да го предводат процесот на поттикнување на заедницата преку вклучување и мобилизирање членови од нивната заедница со цел да изнајдат решенија за нивните колективни проблеми и да ги застапуваат нивните човекови права. Учеството и партнерството со организации и мрежи предводени од заедницата во планирањето, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на активностите е од суштинско значење за да се подобри давањето ХИВ услуги за трансродовите луѓе. Интервенциите за ХИВ превенција, грижа и третман се поефикасни и поодржливи кога се спроведени во рамките на поттикната мрежа.

“

# Говор на омраза

На платформата www.govornaomraza.mk за период од два месеци беа регистрирани вкупно **146 пријави по сите основи**. Најзастапен беше говорот на омраза по **етничка припадност со 41%** од сите пријави, или вкупно 75 пријави, кои беа регистрирани на платформата. Како втор најзастапен основ за овој период е говор на омраза поради **сексуална ориентација и родов идентитет со вкупно 27%** од сите пријави, или вкупно 49 пријави.

Во текот на месец март 2021 година, регистрирани беа 30 пријави по основ на **сексуална ориентација и родов идентитет** или **вкупно 32%** од вкупниот број, а во текот на месец април регистрирани беа 16 пријави или **22%** од вкупниот број регистрирани пријави.

Особено говор на омраза по сексуална ориентација и родов идентитет на социјалните мрежи беше интензивиран по веста за овогодинешниот претставник на РСМ за Евровизија. Загрижувачки е што хомофобичниот говор се користеше како средство за навреда и понижување на поединци.

Извештајот е подготвен во рамки на проектот
„Унапредување на човековите права и слободи на ЛГБТИ луѓето во Македонија"
поддржан од Постојаното претставништво на Кралството Холандија во ОБСЕ.

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

LGBTI центар за поддршка qendër për përkrahje support centre

НАЦИОНАЛНА МРЕЖА ЗА БОРБА ПРОТИВ ХОМОФОБИЈАТА И ТРАНСФОБИЈАТА